Врз основа на член 51 и член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен Весник на Република Македонија бр. 199/14; 44/15; 44/15; 193/15; 31/16; 163/16; 64/18 и 168/18) и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров, пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров – Скопје, го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

Се известуваат граѓаните и правните лица, дека Општина Ѓорче Петров донесе Решение за организирање на:

## Јавна анкета и Јавна презентација

**на Архитектонско – урбанистички проект за формирање на градежни парцели на КП 2637/3 КО Волково, со намена А1-домување во станбени куќи од Општ Акт за село Волково, Општина Ѓорче Петров**

Границата на проектниот опфат се совпаѓа со границите на катастарската парцела КП 2637/3 КО Волково, која се наоѓа во планскиот опфат на Општиот акт за село Волково, Општина Ѓорче Петров, донесен со Одлука бр.07-3669/10 од 27.08.2014 година.

Вкупната површина на проектниот опфат изнесува **995,04м$^2$**, односно **0,1ха**.

- Јавната анкета ќе трае **5** работни дена од 01.04.2020 год. до 07.04.2020 год., согласно објавата за организирање на јавна анкета и јавна презентација во јавните гласила „Вечер“ и „Нова Македонија“, во информацискиот систем е-урбанизам и на веб сајтот на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.
- Во периодот на јавна анкета и јавна презентација, Архитектонско – урбанистичкиот проект за формирање на градежни парцели на КП 2637/3 КО Волково, со намена А1-домување во станбени куќи од Општ Акт за село Волково, Општина Ѓорче Петров, ќе биде изложен во просториите на Одделението за просторно и урбанистичко планирање во Општина Ѓорче Петров и во МЗ Волково, секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот.
- Соопштението за организирање на јавна анкета е објавено во Јавните гласила „Вечер“ и „Нова Македонија“, во информацискиот систем е-урбанизам и на веб сајтот на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.
- Јавна презентација со стручно презентирање на планот за претставници на јавните претпријатија и институции и за заинтересираните граѓани, ќе се одржи на 03.04.2020 год. во 13:00 часот, во просториите на Одделението за просторно и урбанистичко планирање во Општина Ѓорче Петров.
- Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица можат да достават забелешки на анкетните листови во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма.

Број 03-821/2

од 19.03., 2020 година

Скопје

**Општина Ѓорче Петров**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ СКОПЈЕ

**Александар Наумоски**